Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седница, одржана на 21 декември 2021 година, дава

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Образование на наставници (за примарно образование)“ на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Образование на наставници (за примарно образование)“ на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Педагошки факултет Св. Климент Охридски
Скопје
28.01.2022
08 114/1 - -

## О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр. 08-292/7 од 17.9.2021 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, достави барање бр. 08-435/2 од 11.11.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-1077/1 од 15.11.2021 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Образование на наставници (за примарно образование)“ на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-1077/2 од 15.11.2021 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 17.11.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-1077/3 од 24.11.2021 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Образование на наставници (за примарно образование)“ на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 40-12533/1**
**21 декември 2021 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев